Center for Economic Analyses
PR cell phone: +389 (0)70 584-104
Email: ilina.ristoska@gmail.com or
vesnaxxx@excite.com
www.cea.org.mk
www.lsg-data.org.mk

*Центарот за Економски Анализи (ЦЕА) е "think tank" на економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како нова растечка Европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот Пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истрадувања за економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на тоа да понуди препораки, предлози и мерки каде што смета дека е соодветно.*

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

## Препораки за клучни реформи во буџетирање на локално ниво

Од одржаната работилница (спонзорирана од ФИООМ), Центарот за економски анализи-ЦЕА ги идентификува клучните реформи во буџетирањето на локално ниво , и преку конструктивна дебата им понуди конкретни препораки на претставниците на општинската администрација и на централните власти.

Целосниот извештај може да се симне од:

Препораки за централната и локалната власт се:

*Децентрализација на надлежности*

Во делот на институционалната поддршка неспорно е дека се очекува многу поголема иницијативност од централните власти особено министерството за финансии, управата за јавни приходи, државниот завод за геодетски работи и министерството за внатрешни работи. Потребно е и брзо спроведување на планот за решавање на општинските долгови од страна на министерството за финансии и бидејќи во спротивно загрозена е одржливоста и работењето на околу 20 општини.

Уште еднаш укажуваме дека со процесот на фискална децентрализација се врши децентрализација на надлежности, а не на институции, организации и луѓе и материјални средства. Како пример за тоа до кој проблем може да дојде доколку не се сфати оваа категорија е кога УЈП дистрибуира информации за постапување ги дистрибуира до своите организациони единици (се уште на ниво на 30 канцеларии), но не ја почитува реалноста со новата територијална поделба, па тоа да го прави за сите 84 општини.

Со пренесувањето на надлежностите, во делот на наплатата на даноците на локалната самоуправа, секако дека ќе има многу поголема заинтересираност за да се искористува фискалниот капацитет на општината но и да се поттикне поголемо разбирање кај граѓаните за врската помеѓу прибраните приходи и квалитетот на јавните услуги што ќе биде понуден. Тоа се инсистира на побрз трансфер на базите на податоци во оние општини каде што тоа е сеуште проблем и секако да се

подобри кадровски, да се зајакнат и обучат општинските комисии кои што ќе работат на вреднување на имотот, на недвижниот имот кој што ќе служи како даночна основа.

Треба да се развие систем на следење на наплатата на персоналниот данок на доход по одделни општини.

Во однос на трансферите од централната власт известувањата треба да доаѓаат навреме за да може буџетскиот календар да овозможи поголем простор за планирање на приходите и расходите.

Сегашната методологија за распределба на приходите од ДДВ ќе ги намали, според прелиминарните пресметки, големите фискални диспаритети помеѓу општините, но тоа не значи дека не може да се размислува за нејзино подобрување од аспект на воведување на некои економски или социјални индикатори во општините на пример колкав е процентот на невработеност или стапката на сиромаштија во одделни општини како еден од критериумите за распределба.

*Учество на граѓаните и НВО*

Во однос на политичката димензија на овој процес постои консезус дека  се создадени поволни законски услови за успешно спроведување на фискалната децентрализација и за многу поголемо учество на граѓаните во локалната самоуправа.

ЕЛС да предвидат обавезно планирање во локалниот економски развој во контекст на буџетско планирање или управување со буџетските средства. Значи, секоја локална самоуправа да отпочне со планирање на локално економски планови, да се проценат фискалните импликации и тоа да влезе во ЕЛС буџетите.

НВО секторот не смее да си дозволи да се базира само на странски грантови (зошто нема да ги има вечно, во толку голем број и со толку ниска ефикасност на имплементација), туку мора да влезат и на пазарот на услуги и да  работат на креирање на деловна клима. Ако тоа не го сторат, НВО живот ќе нема т.е. ќе биде загрозена нивната одржливост

*Следење на процесот на децентрализација*

Да се одвои посебно внимание на потребата да бидат идентификувани одредени индикатори за следење на перформансите од спроведување на надлежностите кои што ќе бидат трансферирани на ЕЛС како и на следење на процесот на фискална децентрализација.

*Планирање на општински буџет*

Повеќе годишниот пристап на буџетска рамка или буџетско планирање треба да го опфаќа временскиот хоризонт од хоризонтот на буџетското планирање на централната власт заради конзистентност со циклусот на планирање на двете нивоа на власт.

Оштините би требало да го земат во предвид во процесот на планирање и значењето дека даночната база за цели на данок на имот ќе ја имаат, меѓутоа степенот на наплата нема да биде задоволителен поради тоа што даночните обврзници немаат ликвидни средства да ја исполнат својата законска обврска и покрај богатството во недвижен имот. Самиот процес е под ризик од неликвиден пазар на капитал и општ неповелен економски развој.

*Обуки*

Потребна е стандардизација на самите обуки и на самите тренинг материјали во смисла дали го задоволуваат квалитетот и да се направи еваулација на резултатите од обуката.

*Систем на воедначување*

Во законот за финансирање на ЕЛС е дефинирано дека приходите од данокот на додадена вредност е дотација која се распределува по одредени законски пропишани критериуми. Заради тоа овој меѓувладин трансфер не може да се третира како извор за воедначување заради огромните диспропорции во развиеноста на одделни општини кои влечат корени уште од минатото заради нерамномерната регионална развиеност. Затоа предлагаме да се воведе систем на воедначување, ако треба и со ревидирање на системот и изворите на финансирање на општините, особено ако се има во предвид потребата од воспоставување на рамнотежа помеѓу големината на општините од една страна, нејзината економска моќ и вкупните капацитети и од друга страна обемот на надлежностите кои ги добија општините, затоа што нашиот систем подеднакво ги третира сите општини, немаат општините можност да избираат меѓу факултативни, задолжителни и изворни надлежности туку и најмалите и најголемите општини ги имаат сите надлежности.